ЖУГ-01/2016

**Број: 02-3406/10 од 10.11.2016 година**
**Датум на примена: 01.09.2016 година**

# ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ГОВЕДА

### ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕ
**Член 1**

(1) Предмет на осигурување според овие дополнителни услови се говеда на возраст од десет дена до наполнети дванаесет години.

### УСЛОВИ ПОД КОИ МОЖЕ ДА СЕ СКЛУЧИ ОСИГУРУВАЊЕ
**Член 2**

(1) Според овие дополнителни услови осигуреникот мора да ги осигура сите говеда кои се соодветни за осигурување. Кога новите говеда ќе станат соодветни за осигурување (ќе ја имаат потребната возраст), осигуреникот мора да ги осигура најдоцна во рок од триесет дена од денот кога станале соодветни за осигурување.

### ОСИГУРАНА ВРЕДНОСТ
**Член 3**

(1) Осигураната вредност на говедата во зависност од нивната возраст се определува според табелата на задната страна на овие услови.

### СУМА НА ОСИГУРУВАЊЕ
**Член 4**

(1) Сумата на осигурување за говеда со старост од 10 дена до 2 (две) години е вредноста според табелата на задната страна од овие услови која говедото ќе ја има при истек на полисата за осигурување а во зависност од возраста во моментот кога се склучува осигурувањето. Сумата на осигурување за говеда постари од 2 (две) години е вредноста на говедата помеѓу 39 и 47 месеци возраст во табелата на задната страна од овие услови. Сумата на осигурување е горната граница на обврската на осигурувачот.

### УТВРДУВАЊЕ И ПРОЦЕНКА НА ШТЕТАТА
**Член 5**

(1) При погинување, колење или убивање на осигуреното говедо, настанатата штета се пресметува така што според табелата се утврдува осигурената вредност според возраста на говедото во моментот на настанувањето на штетата.
(2) Говедата од женски пол постари од 2 (две) две години кај кои ќе се утврди дека сервис периодот (период во кој не може да бидат повторно оплодени) е подолг од 180 дена се класифицираат за јалови и осигурената вредност на тие говеда независно од нивната старост се утврдува како за говедо старо 8 години според табелата на задната страна од овие услови.

### ВИСИНА НА НАДОМЕСТ ОД ОСИГУРУВАЊЕ
**Член 6**

(1) При настанувањето на осигуран случај осигурувачот исплаќа надомест од осигурување според возраста на животно при настанот на штетата, освен во случај на јалови говеда член 5 став (2) од овие услови.
(2) Осигурувачот плаќа надомест од осигурување во полн износ и без оглед на висината на сумата на осигурување ги плаќа и трошоците кои по настанувањето на осигурителниот случај се настанати по негов налог, со цел да се намали или спречи натамошна штета.

### ОБВРСКИ НА ОСИГУРЕНИКОТ
**Член 7**

(1) При склучувањето на осигурувањето, осигуреникот е должен да приложи податоци за датумот на раѓање и за ушната маркичка на секое одделно говедо, податоци за расата на говедото, како и податоци за фармата на која се чува. Осигурувачот покрај овие податоци по своја проценка може да побара од страна на осигуреникот и дополнителни податоци, односно осигуреникот да пополни прашалник за осигурување
(2) При пријавување на штетата осигуреникот е должен да ја приложи сета потребна документација (ветеринарски извештај, потврда за одвоз на погинатото или убиено животно или потврда за колење на животното, извод од Централен регистар на говеда).

### ВАЖНОСТ НА ПОСЕБНИТЕ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ
**Член 8**

(1) На осигурувањата склучени по овие Дополнителни Услови се применуваат и Посебните Услови за осигурување на животни, доколку не се во спротивност со овие Дополнителни Услови.

### ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ
**Член 9**

(1) Овие Дополнителни услови влегуваат во сила со денот на донесувањето, а ќе се применуваат од 01.09.2016 година.

## Табела за одредување на осигурана вредност на говеда во зависност од нивната старост и пол

| Старост во денови | | Корективни Фактори | |
|---|---|---|---|
| од | до | Машки | Женски |
| 10 | 30 | 0,18 | 0,18 |
| 31 | 45 | 0,21 | 0,21 |
| 46 | 60 | 0,25 | 0,25 |
| 61 | 45 | 0,28 | 0,28 |
| 46 | 90 | 0,32 | 0,32 |
| 91 | 105 | 0,35 | 0,35 |
| 106 | 135 | 0,38 | 0,38 |
| 136 | 150 | 0,42 | 0,42 |
| 151 | 165 | 0,45 | 0,45 |
| 166 | 180 | 0,49 | 0,49 |
| 181 | 195 | 0,52 | 0,52 |
| 196 | 210 | 0,56 | 0,56 |
| 211 | 225 | 0,57 | 0,57 |
| 226 | 240 | 0,59 | 0,58 |
| 241 | 255 | 0,61 | 0,59 |
| 256 | 270 | 0,62 | 0,60 |
| 271 | 285 | 0,64 | 0,61 |
| 286 | 300 | 0,66 | 0,62 |
| 301 | 315 | 0,67 | 0,63 |
| 316 | 330 | 0,69 | 0,64 |
| 331 | 345 | 0,71 | 0,65 |
| 346 | 360 | 0,72 | 0,66 |
| 361 | 375 | 0,74 | 0,67 |
| 376 | 390 | 0,76 | 0,69 |
| 391 | 405 | 0,77 | 0,70 |
| 406 | 420 | 0,79 | 0,71 |
| 421 | 435 | 0,80 | 0,72 |
| 436 | 450 | 0,82 | 0,73 |
| 451 | 465 | 0,84 | 0,75 |
| 466 | 480 | 0,85 | 0,76 |
| 481 | 495 | 0,87 | 0,77 |
| 496 | 510 | 0,89 | 0,78 |
| 511 | 525 | 0,90 | 0,79 |
| 526 | 540 | 0,92 | 0,80 |
| 541 | 555 | 0,94 | 0,81 |
| 556 | 570 | 0,95 | 0,82 |
| 571 | 585 | 0,97 | 0,83 |
| 586 | 730 | 1,00 | 0,85 |

| Старост во месеци | | Корективни Фактори | | |
|---|---|---|---|---|
| од | до | Машки | Ж - НСИР | Ж - ВИР |
| 24 | 26 | 1,00 | 0,86 | 0,86 |
| 27 | 29 | 1,00 | 0,88 | 0,89 |
| 30 | 32 | 1,00 | 0,91 | 0,92 |
| 33 | 35 | 1,00 | 0,94 | 0,95 |
| 36 | 38 | 1,00 | 0,97 | 1,00 |
| 39 | 41 | 1,00 | 1,00 | 1,00 |
| 42 | 44 | 1,00 | 1,00 | 1,00 |
| 45 | 47 | 1,00 | 1,00 | 1,00 |
| 48 | 50 | 1,00 | 1,00 | 0,96 |
| 51 | 53 | 1,00 | 1,00 | 0,93 |
| 54 | 56 | 1,00 | 1,00 | 0,89 |
| 57 | 59 | 0,98 | 1,00 | 0,85 |
| 60 | 62 | 0,96 | 0,97 | 0,81 |
| 63 | 65 | 0,93 | 0,93 | 0,76 |
| 66 | 68 | 0,90 | 0,89 | 0,71 |
| 69 | 71 | 0,86 | 0,85 | 0,64 |
| 72 | 74 | 0,82 | 0,81 | 0,56 |
| 75 | 77 | 0,78 | 0,77 | 0,49 |
| 78 | 80 | 0,74 | 0,73 | 0,42 |
| 81 | 83 | 0,70 | 0,69 | 0,35 |
| 84 | 86 | 0,66 | 0,66 | 0,35 |
| 87 | 89 | 0,62 | 0,62 | 0,35 |
| 90 | 92 | 0,58 | 0,59 | 0,35 |
| 93 | 95 | 0,54 | 0,56 | 0,35 |
| 96 | 98 | 0,50 | 0,53 | 0,35 |
| 99 | 101 | 0,46 | 0,50 | 0,35 |
| 102 | 104 | 0,42 | 0,47 | 0,35 |
| 105 | 107 | 0,38 | 0,45 | 0,35 |
| 108 | 144 | 0,35 | 0,43 | 0,35 |

**Ж - НСИР -** женски говеда од ниско и средно интензивни раси
**Ж - ВИР -** женски говеда од високо интензивни раси